**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтото продолжение на Осумдесет и третата седница на Собранието на Репубика Македонија,**

**одржана на 27 септември 2001 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 13, 05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Томислав Стојановски потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 83-тата седница на Собранието на РМ.

Продолжуваме со Лазар Китановски. (Не е тука)

Абдула Алиу. (Отсутен).

Данило Глигоровски. (Отсутен).

Ѓулистана Марковска. (Отсутна).

Илија Пранговски. (Отсутен).

Ванчо Чифлиганец. (Отсутен).

Александар Флоровски. (Отсутен).

Томислав Петровски. (Отсутен).

Кирил Настевски. (Отсутен).

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ве молам, само за еден момент. (Никола Поповски се консултира со Кирил Настески).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му се извинува на Настевски бидејќи не го видел.

Кирил Настевски. (Се откажува од дискусија).

Стојан Ковачевски. (Се откажува).

Танас Трајковски. (Не е тука).

Азис Положани. (Не е тука).

Селмани Аслан.

Збор има пратеникот Селмани Аслан.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам да создадеме минимум услови, за да немаме повторно нови расправии околу оваа работа.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Референдумот за промена на Уставот на Република Македонија што произлезе како предлог од парламентарната група Нова Демократија, се разбира кои бараат распишување за тоа, за овој период мислам дека претставува најголема политичка грешка за ова време, бидејќи тој ќе произведува несогледливи последици и едноставно отстапување од рамковниот договор и од работата што ја извршивме минатата седница во ова Собраниет. Тоа е малку чудно, одиме по чудни траекти и како да сакаме што побрзо да го тонеме тоа во неповрат. Зарем сеуште не ви се јасни пораките на меѓународниот фактор на Европската заедница, на САД, ОБСЕ, НАТО, ангажирања што тие ги прават за да се сочува мирот и да се воспостави архитектура која значи перспектива за нашата држава. Ние како да сакаме да го скараме минатото и сегашноста, за да ја изгубиме иднината. Тоа не треба да се дозволи во ниеден случај, затоа што сето тоа е против рамковниот договор и тоа е единствена алтернатива сега во овој миг. Знаеме, од искуствата дека во текот на 1991 година, со донесување на првиот Устав на Репбулика Македонија, таа одговорност ја имаа пратениците на ова Собрание. Се разбира, тогаш не беше прифатен и тој Устав, од пратениците албанци.

Референдумот е непотребен и неприфатлив за досегашниот од на позитивните процеси направени од страна на најголемите политички партии кои дојдоа до архитектурата на Рамковниот договор со јасни препораки и јасни решенија и кои истиот беше потпишан и веќе се понудени амандмани во ова Собрание. Ние потпишавме документ за асоцијација и стабилизација со ЕУ, сакаме приклучок во Европа, но тоа драги пријатели не е можно со нашите стари адети и однесувања без да ги прифатиме нивните критериуми, стандарди и новите процеси кои одат кон глобализација. Дека тоа не е можно, почитувани пратеници, ние во оваа држава треба, се разбира, да изградиме евро-принципи и Евро-системи за стабилност и нашите игри под завеса не се прифатливи за наредниот и напредниот свет. Ако тоа досега не сме го сватиле, тогаш веднаш тоа треба да го сватиме и со храброст да одиме кон прифаќање на принципите, критериумите и заложбите на Рамковниот договор, за да можеме да ја затвориме филицијата на нивните вредности и нивно конечно трансцедирање во антериоси со што се отвора нов период на развојот и мирот во нашата држава.

Референфумот е чекор во овој момент кој може и понатаму да ги дислоцира нашите заложби и понатаму да имаме непријатни состојби за мирот во оваа држава. Ќе биде чудно, несватливо и непримерно да се промени курсот на

глобалната политика на релевантните политички партии, кои нуделе излез од кризата. Таа криза сме ја создале ние тука, затоа што не бевме кооперативни, енергични да ги подобриме конкретните и општите услови за живеење на граѓаните во Република Македонија. Не можат судбината на државата да ја прекројуваат, би рекол, стратегиите на одредени мали, па макар можат тие да бидат и големи политички партии, кога постои опасност да се пореметува кичмата на државата. Политичките партии се создадени заради развој, конкуренција на идеи и конкретни проекти кои значат напредок, трансформирање, развој, а истовремено да развиваат муабетологија, а во ниеден случај да тапкаме по ивицата на мирот и војната. Денес сите тука имаме неопходна потреба да го надминеме себе си и краткотрајните политички интереси. Денес, сите пратеници тука треба да се заложиме дека рамковниот договор е вовед за една возвишена Македонија, за една праведна Македонија, вовед во една нова и перспективна Македонија кога сите граѓани во државата ќе дадат се од себе за развој, за продлабочување на довербата меѓу граѓаните и тоа мораме да го постигнеме. Македонскиот народ, албанците и сите други биле народи и нации без устави и не е точна констатацијата дека заложбите што сега се прават во однос на имплементирање на раммковниот договор од Охрид дека внатре не постои македонскиот народ. Тоа е во два члена. И, се разбира, и во Крушевската република и во другите асоцијации постои македонскиот народ и тоа и тоа не е така.

Мудроста е вовед во мир и спокојство. Таа има егзистенција од четири засега, како што реков најголеми политички партии, потписници на договорот, партии, кои и мислат добро на оваа држава, затоа што нивната мудрост е и истовремено и храброст, бидејќи преку неа апсолутно можни се проблемите да се решат по демократски начин, со потполно меѓусебно разбирање и сето тоа, се разбира, да гарантира траен мир.

Демократската алијанса на албанците во Македонија веруваат дека Раммковниот договор е единствено решение за побрзо, поефикасно, и на рационален начин да излеземе од темната кутија што сами сме ја создале, од темните размислувања и повторно Македонија да чекори кон мир, затоа што граѓаните на оваа земја во најтешките моменти во историјата знаеле да потегнат вистински потези, да подвлечат вистински линии за сопствените граѓани, заедници, народи и култури. Се друго што е во спротивег правец од воспоставената рамка на однесување во рамковниот договор претставува голема опасност и неизвесност, која може да не носи во неповрат. Ние тука немаме право, ниту пак мандат да нудиме неизлезни решенија. Ние сме тука да преземеме одговорност пред нашите граѓани, пред сегашноста и иднината на РМ. На кого му смета имплементацијата на рамковниот договор, кој нуди реални можности за развој и перспектива на сите. Албанците веќе ќе немаат потреба за позитивна дискриминација во сопствената земја РМ, ниту пак за квоти, туку ќе имаат потреба да ги почувствуваат и уживаат правата, обврските и одговорностите пред органите на систмеот. И, кога навистина се наоѓаме во вакво време, да Ве потсетам само на еден пример дека ние сеуште се наоѓаме во длабочините на историјата, но со стари умови и со стара мудрост. Еве еден пример. Пред 35 века п.е. во Сомерската земја постоеле три печати. Сумерски, Акатски, и Асирски. Три боговски јазици, три хармонии, три звезди кои светеле на Сумерската земја. Тие тогаш го сакале човекот, ги претвориле реките Тигар и Еуфрат во богови и божевства, ги почувствувале, ги почитувале соседните канаани, дури и вождите кои минувале низ нивната земја, а кои имале други култури и зборувале други јазици. Имале љубов кон нивните хиероглифи, кон нивните култури. Тројазичните печати не беа проблем за нивнтие цареви Уракагина, цар од семирско потекло, цар од акатско потекло, хамурад од афирско потекло, кој донел закон за уредување на државата и тој негов закон тогаш имал 282 члена. Со тој закон ги уредувал правата на граѓаните, поделбата на обработливите површини, односот меѓу луѓето, правата на трговците. А, кај нас, кои се правата на трговците и, контингентите и вработувањата и се друго. Да, тие владееле во единствената унитерна држава Сумерија. Таа беше вистинска заедница на народи и култури. Сето тоа тие го сметале за културна и легислативна мудрост и храброст. Тие не знаеле за експлоатација, не знаеле за крадење, не знаеле за мито. Нивните верски поглавари не смееле да собираат данок од сиромашните луѓе.

Во земјата на фараоните уште еден интересен пример. Во еден период на Евреите им препорачале, а тогаш тие биле нивни робови да се бранат на свој мајчин

јазик пред директорите на правдата. Така тогаш ги нарекувале. Подоцна ќе се влоши нивната состојба, но тогаш во ветената земја тие создаваат сопствена држава.

Во воведот на секоја културна хронологија може да се прочита дека таму каде што се создаваат добри и хармонични кругови на соживот, се вика време на човеково хармонично создавање. Таму каде што има конфликти, значи има неправди, кризни луѓе и тоа се вика време на мешање на поими за реалноста и видстината. Таму каде што се разбираат и респектираат разликите на народите и културите се вика време на луѓе што никнувале од почвата на мудроста.

Би сакал и мојата земја да преовладува и мудроста и чувствување на праведноста, затоа што тоа е латентно го поседуваме и мошне лесно со еден лос на добра желба за еден миг да ги отстраниме од нашите конфликтуозни глави гентилите на болките и на трагичноста. Затоа, имаме право да се бориме и во тоа мораме да успееме. Мораме мирот да не го испуштиме од нашите раце како последна шанса заради нас, заради нашите деца, заради иднината на оваа држава.

Почитувани пратеници, пред кого ние прераснуваме во одредени моменти во национални херои и зошто имаме потреба тоа да го правиме. Херои и денес се сите оние луѓе кои се способни да прават добри дела, да произведуваат вредности кои се битни за одржување на животот на луѓето и кои го култивираат праведниот соживот. Нема народ кој одговара пред политиката, туку ние треба да одговараме пред нашата совест и пред народот и историјата.

Јас не би можел да кажам дека работите на нашата демократија се одвиваат според една пропишана (зборот што треба да следува не се разбира) кон светот што сакаме да му се приближиме и да бидеме нејзина членка. Меѓутоа, има демократи лево настроени, лево се движат по некоја замислена патна проекција, која не е ни пат, ни проекција, затоа што нема конкретна идеја. Додека, десните демократи од десно кон лево си одат и настојуваат да ги приграбат времињата и знаењата. И едните и другите меѓусебе се критикуваат во најразлични форми, дури понекогаш одат и до крајност и излегуваат од цивилизациските вокабулари. Третите, божем се наоѓаат во некоја сеуште јасно недефинирана средина и апсолутно не се во состојба да кажат нешто искрено, смело, учтиво и духовите, што би привлекле нови демократи. И јас сум тука некаде. Меѓутоа, денес политичките групации што го зафатиле божем центарот на македонската политичка сцена се фалат дека побрзо ќе ја втурнат Македонија во ЕУ, но пред да ја остварат оваа цел, скренуваат од реалноста и нашата локомотива се губи во демагогија. Насоките остануваат празни, невидливи балончиња остануваат само ненапишаните приказни за убавите измислени таканаречени времиња. Се плашам дека еден ден и ние ќе останеме таканаречени. Како ќе успееме во тоа? Мошне лесно и едноставно. Политички локомотиви во Македонија во нашата држава треба да ги здружат силите и тоа да го направат што побрзо преку имплементирање на воспоставениот документ кој има јасни нормативи, стандарди кои водат кон политиката, кон политичка Европска и Светска глобализација.

Демократската алијанса на Албанците на Македонија мисли и длабоко верува во тоа сме во состојба зрело и смело да ги прифатиме вистинските потреби во вистинскиот момент, за да можеме вистински и за секогаш да се одлепиме од трагичноста која лебди над сите нас во Република Македонија, да создадеме нова номенклатура на однесување.

Сите ние мораме со позитивна енергија, со мудрост да кажеме дека бродот Македонија мора спокојно да плови кон мирни политички води, а не да се движиме кон Тераделфуегу, туку кон единствената алтернатива која што гарантира мир. Тоа е документот од нашиот Охрид.

ВМРО-ДПМНЕ и сите други политички партии не смеат да го изигруваат вредниот Охрид, заради тоа што таму се пронајдени првите букви на мирот сега, а и буквите на цивилизацијата во длабокото минато.

Демократската алијанса на Албанците на Македонија го почитува Рамковниот договор и поради тоа не го прифаќа предлогот за референдумот и јас ќе гласам против. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на колегата Аслан Селмани.

За збор се јави Бузлевски Димитар.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, тешко ми е во овој момент да предвидам колку сите ние заедно овде или секој од нас индивидуално води сметка дека одлуките кои што се донесуваат во овој последен месец, кој се врзани за Рамковниот договор, а кои што се и инспирирани од

Рамковниот договор, а се предлагаат во вид на Предлог иницијатива за распишување на референдум, имаат исто толку тежина, ако и не повеќе од одлуките кои што беа донесени на почетокот на 1990 година.

Ако на почетокот на 1990 година во политичкиот живот во Македонија и во парламентарната процедура во Македонија се удрија темелите на суверена самостојна Република Македонија, овие наши активности поврзани и сврзани со Рамковниот договор, значат задржување на одамна удрените темели, а јас сум слободен да кажам и нивно засилување. Подоцна, должен сум да објаснам зошто ја изнесувам таквата констатација. Едноставно, сега се работи за тоа, со оглед на се она што се случуваше во последните седум месеци во Република Македонија и со оглед на тоа што во Република Македонија се изнајдоа сили да се води еден политички дијалог како одговор на воените дејствија, се поставува прашањето сега и во овој момент, како и во приликите кои што не чекаат во наредните 15 дена, дали Македонија има иднина и каква иднина ја чека Македонија.

Оттаму, со оглед на сериозноста, пред нас пратениците се поставува една огромна обврска по повод овие теми за кои овде расправаме, а кои искажав од какво значење се, се бара да се однесуваме мудро, се бара да се однесуваме зрело, но во исто време и храбро. И во овој тежок период, барем од оваа сала, кај нас да ги отстраниме емоциите за да бидеме во состојба да донесеме одлуки кои ќе бидат праведни и кои ќе обезбедат извесна иднина на Република Македедрнија.

Јас се согласувам со многу настапи кои имавме прилика претходно дневно да ги спушаме по повод оваа точка што е поставена на дневен ред од повеќе пратеници, кои искажаа во своите настапи, или во дел од тие настапи нивни размислувања кои во основа се добри, за да народот во овој момент ги чуе. Тие се лепак до увото на граѓанинот.

Меѓутоа, ќе се согласите дека пред нас е голема обврска, голема одговорност. Впрочем, ние сме повикани и одговорни да размислуваме и за тоа што се се случува во овој момент, но и да размислуваме што ќе се случува во наредниот период. Тоа се бара од нас, затоа што дефакто идната иднина на Република Македонија ќе биде детерминирана од донесените одлуки во овие два месеци во Македонскиот парламент.

Почитувајќи ја определбата на таквите пратеници, така да се однесуваат, сметам дека во исто време, си земам за право, да укажам дека покрај тоа или треба исказите или размислувањата да се базираат врз база на една комплексна анализа. Комплексна анализа која нужно треба да се направи за целокупната ситуација во Македонија и како да се излезе од таа ситуација, во интерес на Македонија. При тоа, без оптоварувањето од потребата одреден пратеник или одредени пратеници по повод овие теми и сега, а не порано, да се прикажат пред јавноста како турбо патриоти. Во исто време, пратениците кои мислат спротивно од она што го искажале или пак го мислат одредени пратеници, да се третираат како предавници на Македонија и предавници на македонскиот народ.

Овде доста се говореше за потребата од национално единство. Јас се согласувам со тоа, се согласувам дека националното единство по круцијални прашања е потребно во Република Македонија. Но, не можам да прифатам ако не мислите како што мисли другиот, дека не сте за национално единство. Не можам да прифатам дека може да се кали националното единство само ако се согласите со тоа како мисли оној што се прикажува како голем патриот. Да се разбереме, национално единство - да, но во секое време моето размислување е кон тоа своите активности да ги насочиме кон обезбедувањето на дефинираниот државен интерес, кој што во исто време нема да го наруши националниот интерес. Јас сметам дека тоа е тежиштето околу кое треба да се концентрираат сите сили во Република Македонија и кое што треба да го зајакне државниот стожер на Република Македонија. Само така може да ги постигнеме очекуваните резултати во иднината на Република Македонија.

Почитувани пратеници, јас во една прилика овде од оваа говорница кажав и во исто време замолив за тоа што кажав тогаш никогаш повеќе да не се говори во овој Парламент. Ќе се придржувам на тоа мое ветување кон вас, колеги пратеници за тие и такви тогашни времиња или тие и такви тогашни впечатоци на ова време, но сакам да ве потсетам дека тогаш кажав и сега тоа го чувствувам дека ме боли тоа што се случи тогаш во Македонија и тоа

што и се случуваше тогаш на Македонија. Тогаш во такви размери, но сега за жал, во многу потрагични размери. Сега ќе се придржувам на тоа и во ниедна прилика не ќе ме слушнете во оваа сала да говорам за причините и за причинителите на ваквата состојба, затоа што сметам дека само на таков начин може да се отргне вниманието или да се изгуби силата, која што би требало да се насочи како сила во изнаоѓање на исправни решенија, кои ќе значат добро за сите нас граѓаните на Република Македонија.

Воедно мора да се согласиме, и покрај тоа, ако по претходно искажаната реченица можеме да спориме како што се спори во врска со причините и причинителите, но едно е сигурно, реалноста во и за Македонија е крајно лоша. Едно е сигурно дека војната ја порази политиката. Народот, ако пред две или три години, ако сакате и пред пет години беше помалку или повеќе незадоволен, сега во последните седум месеци е несреќен. Има голема разлика меѓу незадоволен и несреќен. Но, навистина сега народот е несреќен.

Се поставува прашањето дали има излез од оваа и ваква ситуација и кој е излезот. Ние одговорно треба да размислиме за тоа, затоа што и за тоа сме, покрај другите, во оваа држава. Јас овде ќе искажам еден мој впечаток од дискусијата на колегата Никола Поповски. Тој кажа и покажа дека како излез од оваа ситуација е Рамковниот договор и кажа дека тој не само што треба да се прифати, туку треба да се сфати. Почитувајќи го тоа и прифаќајќи го така искажано, мислам и се согласувам дека од тоа зависи иднината на Република Македонија, од тоа ќе зависи дали тој ќе биде извесен или неизвесен. Нормално е кога веќе искажувам ваков став дека треба и да го објаснам. Зошто го искажувам овој став или зошто го изградив, па овде и го искажувам.

Не спорам дека референдумот е демократски чин. Не спорам дека Рамковниот договор не е компромис. Самиот факт што има наслов договор, значи преку компромис постигнат договор. Но, спорам со оваа иницијатива на подносителот, затоа што прво ја сфаќам како опструкција на мировниот процес, фундирање на Рамковниот договор во основа како опструкција, а не сакам да размислувам дека по ова прашање предлагачите се одлучиле на ситно политички маркетинг за подигање на и така многу нискииот рејтинг во Република Македонија или скоро никаков рејтинг. Рамковниот договор е парафиран во Охрид, потпишан во Скопје, свесно и совесно од потписниците. Потписник е претседателот на Република Македонија, кој што како кандидат беше кандидиран и избран од партијата ВМРО-ДПМНЕ и нејзините тогашни и сегашни партнери, без СДСМ. Потпишан е од легитимните претседатели на политичките партии, кои претпоставуваа дека во претходните програмски активности внатре во партијата секојдневно или целодневно расправале за одредбите кои се предмет на дискусија во Скопје, а после тоа и во Охрид. Познато ни е дека имаше осум верзии на договорот, кои беа обременети со тешки одредби, кои навистина бараа и имаа заслужено внмание во текот на водењето на преговорите. Но ценам дека е потпишан, особено тоа го ценам, од легитимните претставници на Европската унија и САД. На нас во Македонија може да ни се допаѓа или да не ни се допаѓа договорот, но едно е сигурно дека тие не се индивидуи дојдени во Република Македонија, туку се овластени претставници. Едниот е на Европската унија, другиот е на САД и тие со својот потпис ја обезбедуваат идната соработка и со Европската унија и со САД, што е особено важно и околу кое што скоро сите политички партии низ досегашните политички ангажмани во Република Македонија имаа исто становиште околу трасирањето на иднината на Република Македонија и нејзиното интегрирање во евроатлантските структури.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (продолжение)

Затоа мислам дека тој пат треба да го имаме предвид и дека кај сите нас денеска и Парламентот значи напуштање на мировниот процес и значи соочување со можни идни трагични последици по државата Македонија и нејзините граѓани. Не сакам ова да прозвучи како плашење на народот или како перење на мозок на народот. Свесен сум дека нашиот народ има капацитет да процени најмалку еднакво на нас кој сме овде во оваа сала. Дури може и подобро од нас, но за тоа судот ќе го даде во една скора прилика или наредна прилика и ќе процени што ние работевме, како ние работевме и дали се задоволни од она што го сработевме.

Јас ги гледам трагичните последици со изгласување на оваа иницијатива која го нарушува мировниот процес кој, сакале ние

овде да признаеме или не, во последниот месец дена паралелно со нашата активност во Парламентот има почетни позитивни резултати, како мировен процес што дава до знаење и влева оптимизам дека целосната имплементација на мировниот план на Г. Трајковски барем по ова што е наше секојдневие кое се разликува од секојдневието пред месец дена кога сите информативни емисии во вид на вести или дневници почнуваа со извештаи за трагични настани. Беа ударни, почетни, први, најинформативните емисии. Факт е дека почетните резултати се евидентни.

Спомнав трагични последици само можни, а ќе набројам неколку. Ако се прифати оваа одлука можно е обновување и интензивирање на воените дејствија, викам можно е. Можно е да се со потешки последици, бидејќи ќе бидат со поголем интензитет и јасно со висока цена кај сите што дефинитивно може да ја елиминира можноста со оглед на последиците од тие воени дејствија за заедничко идно живеење во РМ.

Можен е распад на институциите на системот дури вклучително распад и на овој Парламент. Реално треба да го кажеме, можно е тоа да се случи, предлагачите требало да имаат предвид дека тоа може да се случи и да стојат зад тие можни случувања во иднина. Како последица нарушена меѓународна позиција на Македонија и дефинитивно од искуството кое го имавме во последните три години од водењето на надворешната политика, со напуштање на мировниот процес за Македонија да се говори во Меѓународната заедница како несериозен партнер. Да се говори за Македонија како партнер која презема обврски, а не е подготвен како партнер да ги реализира тие обврски.

Тоа е сериозен проблем затоа што ако е веќе така, ако на таков начин може да изреагира Меѓународната заедница дали значи напуштање на консенсуално изведената стратегија за интегрирање на Македонија во Меѓународната заедница преку Евроинтеграција и барање на други партнери за водење на надворешна политика, ако ги имало сега, а ако ова го направиме можно е така да се гледа на Македонија.

Имаме примери од пред две години, се обидовме да ги корегираме и добро е што ги корегиравме. После тоа дефинитивно губење на интересот од Меѓународната заедница за нејзино учество во надминување на нашата криза. Има проблеми и во други подрачја и нормално дека ако во нас гледаат несериозен партнер или партнер кој не е заинтересиран да ги разреши проблемите или да ги отстрани причините кои доведоа до ваква состојба и така да се однесуваат. Дури јас сметам дека сите тие реакции може да се дополнат со разни блокади на економски и финансиски проекти дури и до ниво на веќе потпишани аранжмани, а вклучително и можни санкции во Македонија што беше најавено последните денови во печатот.

Следно, но не и последно, но многу сериозно проблематизирање на процесот на интеграција која ја спомнав и со едни вакви односи или со едно вакво водење на политика во Македонија преку вакви иницијативи Македонија да биде самоизолирана или изолирана земја во однос на нејзината соработка со Меѓународната заедница.

Почитувани пратеници зборував за реалноста, кажав дека ќе се навратам на тоа, сегашната е таква каква што е и на сите ни е позната. Идната може да биде обременета со проблеми кои погоре ги спомнав. Но, сметам дека имаме сили, имаме знаење, имаме храброст да донесеме одлуки кои ќе бидат во интерес на граѓаните. Но, имаме и искуство врз кое може да се потпреме за да донесеме такви одлуки. Ќе потсетам само на дел од тоа искуство, ќе потсетам на процедурата за менување на знамето на РМ и зачленувањето на ООН. Се прашувам дали тогаш ако се поставеше референдумско прашање за тоа имаше ли некој кој тоа ќе го одобреше значи кој ќе одобреше да се смени знамето, со оглед на тоа дека во тоа време беше присутна огромна тензија и дека имаше многу емоции, сигурно дека не. Но, се прашувам каде ќе и беше местото на Македонија ако не го направеше тоа и дали РМ ќе станеше членка на ООН, членка на Светската банка, Советот на Европа и многу други меѓународни организации и институции.

Македонија е етаблирана во Меѓународната заедница, етаблирана е благодарение на водената политика која ја водела во претходните 10 години и на толеранцијата која ја покажала. Ако тогаш одевме на референдум сигурен сум дека тој референдум за менување на знаме не ќе успееше. Тоа значи не ќе можевме да го смениме знамето, тоа значи дека немаше да се дигне рампата од Грчка страна, тоа значи тешки економски последици за Македонија. Прагматично треба да се размислува и во тие рамки мислам дека не случајно во политиката употребен е компромисот затоа

што во дадена ситуација колку и да е тој компромис може да значи чекор напред кој чекор ќе значи излегување од дадената ситуација, а за нас од кризата, бидејќи таква ни е ситуацијата.

Тоа е наше искуство. Искуства има и во нашето соседство. Ума позитивни и негативни искуства. Го имаме искуството на Словенија која го промени Уставот по препораки на ЕУ, добро знаете во делот на имотите, што е многу сериозно прашање за Словенците. Чувствително прашање, но Словенија го промени Уставот и Словенија е сега пред портата на ЕУ.

Имаме негативно искуство од нашиот северен сосед Југославија. За да се затскрие зад народот, власта во Југославија распиша референдум 1997 година, дали го прифаќа одредениот претставник од ЕУ за претставник на ЕУ за олеснување на проблемите во Југославија - Фелипе Гонзалес. 100% на референдум не, знаеме што се случи после тоа. Ги знаеме последиците, а ја цениме политиката која сега ја водат која е демократска и која е политика на интегрирање на нашиот северен сосед во сите светски организации и институции.

Затоа треба да бидеме и реални и рационални. Тоа што може да се направи во наредните денови да се направи, а се разбира со меѓусебно договорање, се разбира низ дополнителна политичка активност во партиите и меѓу партиите, се разбира легитимвно и низ Парламентарна процедура која следи за 10-тина дена и таму да ја насочиме и таму да ја концентрираме нашата енергија за да извлечеме најдобро за сите нас во РМ. За да на таков начин обезбедиме извесна иднина за граѓаните во РМ за да на таков начин не отвориме еден иден неизвесен период кој може да биде секојдневие во РМ.

Отаму во оваа прилика си спомнувам на една стара кинеска мудрост која искажана пред многу векови, а која е актуелна и денеска. "Какви ќе бидат идните цветови зависи од сегашните семиња". Ние, токму сме во ситуација околу ова вака да размислуваме. Се разбира, низ еден дијалог кој може само да не поведе напред, а не да биде неконструктивен и да не задржува во место или да не враќа назад.

Граѓаните на РМ ќе се согласиме дека очекуваат повеќе до нас. Очекуваат повеќе од тоа што ние до сега за нив го направивме и мислам дека ние или некои други место нас оваа обврска спрема граѓантие треба да ја исполнат. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јави прво Г. Спанаков па Г. Петровски.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, јас ќе му реплицирам на Г. Бузлевски како предлагач на иницијативата за распишување на референдум за искажаните тези по одредени прашања. Имено, ќе почнам од последното.

Самиот Г. Бузлевски во неговата дискусија искажа контрадикторност кога кажа дека и понатаму треба да продолжат разговори околу ова што се нуди како уставни промени.

Мислам дека на Г. Бузлевски му е сосема јасно дека веќе потпишаниот Рамковен договор онаков каков што е од сите оние кои до сега биле во РМ, со кои сме разговарале, го држиме следниот став. Не смее да се промени ниту точка ниту запирка од тој Рамковен договор и со она што во него се содржи односно што е предвидено со него да се прави, во делот на уставните промени на Уставот на РМ.

До колку цврсто стоиме на тој став како што го кажуваат меѓународните посредници кои доаѓаат тука дека не смее да се промени ниту точка ниту запирка во тој случај неможам да го разберам оној дел од неговата дискусија каде кажува дека во наредниот период ќе разговараме повторно на таа тема. Тоа е првата моја забелешка.

Втората забелешка е дека со поднесувањето на иницијативата за референдум се прави политички маркетинг и сака да се подигне рејтингот на одредена политичка партија. Околу тоа не сакам многу да коментирам само една мала забелешка дека рејтингот на политичките партии се утврдува на избори и затоа би спомнал само она што се случи неодамна на одржаните парламентарни избори за упразнети места во Собранието кога на таквите избори излегоа некаде околу 17-20% од гласачкото тело, а како поминаа политичките партии има статистички податоци и околу тоа не сакам да коментирам. Значи, најдобро таму се проценува рејтингот и мислам дека во тој поглед многу нема што да коментираме каков е рејтингот на Нова Демократија не би сакал да коментирам тоа најверојатно ке се покаже на некои следни избори, но најпосле не е целта со поднесувањето на оваа иницијатива да се покачува рејтингот на политичката партија.

**РИСТО СПАНАКОВ:** (Продолжение)

Ќе кажам и тоа дека ниту е опструкција на Рамковниот договор односно спроведувањето на Рамковниот догозор, ниту пак е напуштање на такареченоиот мировен процес во Република Македонија, оваа иницијатива.

Не можам да разберам зошто постојано ваквата иницијатива се гледа само од едната страна, односно се гледа само од негативната страна на концептот кој се поставува. Јас би прашал, зошто да не се гледа од позитивната страна, а има и позитивна страна.

Моето прашање е следно:

Слушнавме еден дел од дискусијата каде се поставува како можна теза дека е можно обновувањето на воените дејствија. Јас би го поставил прашањето кога е можно обновување на тие воени дејствија, дали пред усвојувањето на уставните амандмани, после усвојувањето на уставните амаднмани. Тоа е моето прашање, затоа што сепак мислам дека некои работи треба да се гледаат од двете страни, а втората страна е следнава: Што после усвојувањето на уставните амаднмани ако вие немате широка потврда од оние во чие име ги носите, ги прашате за тоа. Тоа е целта на се она што тука го дискутираме.

Почитувани колеги пратеници не би сакал натаму да дискутирам. Мислам дека во многу со дискусијата на господинот Бузлевски се согласувам, во делот на неговите сомневања околу претходно искажаните негови работи што се може да се случи доколку не ги усвоиме уставните промени и не го спроведеме Рамковниот договор така како што е поставен. Но, јас сериозно се прашувам, дали некои размислувале што може да се случи после усвојувавето на таквите уставни амандмани, односно уставни промени во Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јави господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Очекував да ме демантира господинот Спанаков, во делот на исказите за тоа што толку брзо и толку гласно се јави за реплика. Но од она што кажа не гледам дека ме демантира.

Јас само ќе му реплицирам на една теза на господинот Спанаков што беше спомната во контекстот на неговите објаснувања, а која беше врзана со граѓаните или избирачите.

Да, ние имавме избори пред една недела во Скопје, во две изборни единици. Се одзваа граѓаните во проценти какви што им се познати на јавноста. Но ако господинот Спанаков, ја употребува таа теза, како аргументација на други дејанија, јас незнам дали тие имаа кандидат. Можеби ако имаа кандидат на тие изборни места, во тие изборни единици, наместо 20, ќе се јавеа 60%, останатите 40% ќе гласаа за нив. Незнам дали имаа кандидат, или ако немаа зошто немаа.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Точно тоа беше, еве јас и немав намера да го демантирам господинот Бузлевски. Единствено имав намера да расправаме по она што мислам дека колегите пратеници не успеале да го сватат. Гледањето само од едната страна, а не гледањето на другата страна, тоа се можни последици кои може да настанат после она што ние тука како Собрание ќе го направиме. Дали околу тие работи е размислувано, дали околу тие работи сериозно, се она што тука се кажува е разгледано. Зошто? Затоа што, еве јас се согласувам со господинот Бузлевски во делот на она што го кажува дека - доколку не се усвои Рамковниот договор, ќе настанат такви последици, меѓународната заедница и се друго, тоа го разбирам. Но јас неможам да сватам дали не сакаме да видиме после она што се случува, после евентуалното усвојување на таквиот Рамковен договор и неговата имплементација во делот на уставните промени ќе бидеме исто така среќни, задоволни односно несреќни и незадоволни како што кажа господинот Бузлевски, како што сме сега во овој момент. Сега знам дека сме несреќни господинот Бузлевски, но јас не сакам дабидеме уште понесреќни. Тоа е проблемот. Проблемот е во тоа дали после усвојувањето на Уставот, на уставните измени, сте убедени дека ќе бидеме посреќни отколку што сме сега.

Во делот на тоа што го кажавте за изборите, најдобар показател сепак ќе бидат оние кои ќе излезат на избори и ќе го дадат својот глас за една или за друга политичка партија.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Бидејќи господинот Спанаков се согласи со мене јас не реплицирам понатаму.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Јас ви благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има Томислав Петровски.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, би сакал да реплицирам со мојот пријател Бузлевски во врска со тоа што го искажа за националното единство. Зошто не мислиме двајцата исто?

Прво, да расчистиме. Пред некој ден јас гласав за промена на Уставот, но на сите ќе ви кажам зошто. Затоа што сите ние бевме ставени пред свршен чин, благодарение на вас.

Јас би прашал зошто едните од нас, македонците гласаа, априори без проблем за промена на Уставот и ни ја префрлаа топката нам, и ние да гласаме. Би прашал, зошто дојде до тоа, зошто едните патиме и со ноќи не спиеме, зошто едните од нас ги прогонуваат сенките на нашите предци и иднината на нашата челад. Зошто ние да ги прифаќаме тие анатеми, а вие не. Зошто не му кажете на овој македонски напатен народ дека е ова борба за власт. Кажете му на овој македонски народ како се продаде Македонија за грст привилегии кои ги носи обеќаната за вас обеќаната власт

Јас би прашал зошто ние дојдовме до ова дереџе, зошто еднаш не застанавме заедно сите македонци, без разлика на нашата партиска поделеност зад македонските интереси. Па кажете му на овој народ дека поважна ви е власта отколку народот. Ако во Охрид македонскиот блок беше компактен со една единствена цел - Македонија дали ќе дојдеше до ова да расправаме за референдум, а верувајте ми ова е последното што може да не извади од сето ова.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Гласањето е индивидуален чин и јас не го коментирам тоа кој како гласал и зошто така гласал, ниту кој како ќе гласа понатаму. Чувствата, нормално си се чувства, секој ги носи и откако ќе ги искаже ние осознаваме со какви чувства се соочува индивидуата. Оние кои не ги искажуваат си ги задржуваат за себе тие чувства и сметаат дека немат потреба вака и на ваков начин тоа да го прават. Власта се добива низ избори. Власта неможе никој однапред да ја вети. Граѓаните на Република Македонија очекуваа повеќе од нас. Граѓаните на Република Македонија очекуваа дали од нас или некој наместо нас, подобро да работи, во интерес нивни.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јави господинот Илија Пранговски.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Реплицирам по барање на граѓанин на Охрид, кој се обидел да ве добие по телефон во текот на вашиот говор, господине Бузлевски и ме замоли да ја пренесам оваа реплика. Јас ќе се обидам да ја парафразирам.

- Дали претседателот на државата господинот Борис Трајковски овде во овој Парламент се заколна дека ке го брани Уставот на РМ, суверенитетот и територијалниот интегритет и дали ако тоа го направи, дали постапи според заклетвата и дали баш претседателот на државата господинот Борис Трајковски, требаше да биде тој кој ќе ги поднесе предлозите за уставните амандмани.

Втората моја предизвикана реплика, јас гледам дека почнавте да станувате и психолози вие од СДСМ, гледате какви се нашите емотивни реакции, какви се нашите чувства. Не гледам тука некои луѓе кои навистина се занимаваат сериозно со психологијата затоа што е сериозна наука, повеќе сте од други бранши. Чувствата кои се изнесуваат од оваа говорница се патриотски и покрај тоа што на некого му личат за квази патриотски. За тоа ќе зборувам кога ќе зборувам во мојот говор. Не се работи за никаква игра на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ во однос на ставот и на чуствата. Навистина се работи на ломење на секој во себе, со ова што се случува и со ова што треба да се случи. Ако вас ви е тоа лесно и ако вие сте убедени дека тоа е навистина правиот пат, имаше време во овие 40 дена, се надевам и следните денови ќе има време доволно, низ аргументи, без ниски препукувања, од типот на говорите и предизвикувањата на некои претходни говорници во претходните денови, не сакам да ги именувам за да не предизвикам реплика, низ аргументи тоа да се образложи.

Ја слушнав вчера изјавата на господинот Никола Поповски која на некој начин ме обеспокои, но и ме смири. Ме обеспокои затоа што кажа нешто што излегува од контексот на сегашната состојба, а ме смири затоа што сепак видов дека има луѓе кои мислат како после евентуалното изгласување на Уставот и на уставните промени и имплементирањето на Рамковниот договор.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван Пранговски, јас досега во овие две години, колку е претседател господинот Трајковски, ниту сум се видел ниту сум пиел кафе со него за да го прашам

за неговото однесување во врска со дадената заклетва и поднесената сегашна иницијатива. Мислам дека одговорот на тоа прашање треба да го обезбедите од оние што се гледаат и што имаат можност да се видат со господинот Трајковски. Ќе ви биде полесно така да добиете одговор и да му кажете на заинтересираниот граѓанин во Охрид, за таа работа.

**ТОМСИЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, би сакал деловнички и процедурално да замолам за две работи.

Прво, во овој Парламент, предлагачи, согласно Уставот може да бидат тие што се, да не ги набројувам, тие се знаат. Меѓутоа, се има обичај предлагачите обично да именуваат повереник или претставник, во овој случај кој во име на предлагачите може да ги застапува.

Јас би ги замолил предлагачите, во овој случај четири или пет пратеника, писмено да го известат Парламентот кој од нив е претставник на предлагачите во фазата на расправа по одлуката која ја подготвиле и доставиле на усвојување затоа што секојдневно се соочуваме со фактот дека претставник, ако си се именува оној кој во моментот се нашол во салата. Не го правам тоа од забелешка за да одземам збор на некого, апсолутно немам таква намера. Меѓутоа мислам дека мора да има елементарен ред.

Ако вчера господинот Чедо Петров, четири пати се јави на говорницата во име на предлагачите, како претставник на предлагачите, сега се јавува господинот Спанаков. Јас немам ништо против тоа меѓутоа ги молам да ме известат кој зборува во име на предлагачот како претставник затоа што тоа е битно. Пред неколку дена еден од предлагачите рече дека ќе го преформулираат прашањето. Тоа право го има оној кој е нивни претставник. На овој начин работењето, секој да си го зема тоа право, мислам дека и нас не доведува во заблуда, мислам дека тоа не е деловнички. Јас би сакал тоа да се свати најдобронамерно. Без никаква намера на некого да му оспорувам да зборува, ама мора да се има ред.

Втората работа што сакам да ја предочам е на едно правило кое се применува во Парламентот одамна, а го применувате и вие во последниве четири дена. Тоа правило говори дека вие го читате списокот на говорниците, кој како доаѓа на ред, според списокот кој е однапред утврден и кога некого ќе прескокнете зошто не е во салата, дури утредента повторно го почнувате списокот од нула. Сега таа процедура ми се виде дека сакате да ја преиначите малку. Оние кои се прескокнати затоа што не биле тука, ве молам да си продолжите по списокот надолу и да си го добијат редот, како на пример со Лазо Китановски, што направивте сега од ВМРО-ДПМНЕ. Да го задржите тој редослед не затао што мислам, исто така дека некој не би требало да има збор, меѓутоа како пратеник мислам ако го нарушите редот, тогаш ќе дозволите на некого, визави другите 45 пратеници да си го бираат времето во кое ќе зборува, по свој избор, а не по ваш избор, а тоа е по редот кој е доставен до вас како претседавач или како потпретседател во овој случај. Затоа мислам дека нема потреба од тавки прскокнувања.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За првото прашање по однос на тоа кој ќе биде овластен предлагач, оној што дава овластување секогаш го има правото и да го задржи и да го пренесе, што значи пренесеното право за претставување не значи и одземено право да се претстави сам.

По однос на второто прашање, јас овде пратениците ги повикувам како одат по ред.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Биљал Љутфии побара реплика на дискусијата на Ристо Спанаков.

**БИЉАЛ ЉУТФИИ:**

Апсолутно не сум расположен да предизвикувам реплики. Но, сум на мислење дека секој што се сака себеси, што ги сака своите деца, што ги сака сите граѓани и целото богатство што го создал Господ мора при вакви и слични прашања како што постави и г-динот Спанаков кога војна? Пред или после, пред усвојување, или по усвојување на амандманите да се одговори, сигурно секој по свој лик. Јас како човек никогаш не сум за војна, не сум за војна ни пред да се усвојат амандманите, ни после усвојувањето на амандманите, но дека треба да се усвојат тие амандмани ни укажуваат сите пријатели како домашни, така и странски пријатели. Впрочем, така одлучиле и четирите лидери на политичките партии во Охрид. Мене не ми беше целта да го кажам од почеток до крај ова што го реков, но да ви укажам и да ве замолам да престанете со фрлање на песок во очите на граѓаните на Република Македонија, а посебно на

македонскиот народ. Не може поинаку да се толкува ова прашање пред да се усвојат уставните амандмани, или по усвојувањето, кога војна, или кога ќе има војна. Тоа е само обид да се заплаши македонскиот народ, сите граѓани во РМ. Дека некој може да биде среќен кога некој гине, било тој да е Македонец, било тој да е Албанец, секоја чест на тој, или пак на тој кога се споменува војна, се смее, или се чувствува мирен во својата клупа каде што седи, или во ресторан, во неговата куќа, или на друго место.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван потпретседателе, бидејќи бев прозван, само ќе кажам дека немам намера да му реплицирам на г-динот Биљал Љутфии. Во неговиот говор многу убаво искажа што сакаше да каже. Мислам дека јас воопшто не сум засегнат по тоа прашање и затоа немам намера да реплицирам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ;**

Очигледно станува се потешко да се добие збор во Парламентов, затоа што веќе неколку дена сум пријавен за дискусија и стрпливо чекам и по логиката на г-динот Никола Поповски, веројатно нема никој право да излезе ниту вода да се напие, затоа што нашле извонредна прилика за да биде тој елиминиран и да не може да зборува. Три дена седам тука и г-дине потпретседателе мислам дека е мојот ред за дискусија. А посебно сум среќен што пред мене повторно имаше некои дискутанти кои што се јавија од страната на СДСМ дека посебно човек го инспирираат кога зборуваат. Така што, навистина им благодарам и би сакал ова мое зборување да го почнам со нешто со кое можеби и завршив минатиот пат додека зборував, дека навистина ја потврдуваме тезата за Балкнот, дека секој пат беспрекорно функционира и најдобро функционира апсурдот на Балканот.

Овие денови се изнаслушавме толку апсурдни тези, би рекол толку неодрживи, нелогични тези, толку ступидни тези што воопшто не е тешко човек во една анализа да даде аргументација и да ја покаже нивната ступидност. Така што би сакал да почнам точно од тие апсурди кои што беа овие денови сесрдно застапувани во Парламентот од некои пратеници, посебно од една пратеничка група која сака да ни докаже нешто што е недокаживо.

Прво, пратеникот Илија Илоски ни кажа дека никаде во светот по вакво прашање како што е формулирано прашањето за референдум, а посебно прашањето кое што ние како пратеничка група го формулиравме, тоа е дали да остане името на македонскиот народ во преамбулата и во нормативниот дел, или не дека по такви прашања никаде во светот не е распишувано референдум. Јас апсолутно се сложувам со ова и навистина го подржувам г-динот Илија Илоски. Меѓутоа, каде е парадоксот и каде е глупоста невидена. Тоа е дека е тоа точно така, меѓутоа никаде досега веројатно во светот на никого не му паднало на памет да го збрише сопствениот народ, сигурно на никого. Меѓутоа, еве тоа се случува во Македонија и на некој тоа му паѓа на памет и се обидува уште и тоа да го оправда на разни начини. После ќе се вратам на уште некои свои размислувања по ова прашање.

Г-динот Вејсели рече дека најдобро е предлагачот да го повлече предлогот и да му дадеме шанса на мирот. Јас мислам дека најдобро би било обратно, предлагачот на уставните промени, претседателот на Република Македонија г-динот Борис Трајковски да го повлече амандманот 4 и тоа мислам дека би било сигурно најголемата шанса за мирот во Макеоднија.

Г-динот Андов рече дека референдумот доаѓа закаснето и дека има само морална димензија. Уште еднаш да потсетиме, кој не го познава Уставот, нека отвори на таа страна каде што се наоѓа тој член од Уставот и ќе види дека референдумот, или одлуката она што е донесено со референдум е задолжителна, значи, таа е задолжителна. Без оглед на тоа кога ние ќе го распишеме и како ќе го распишеме тоа е задолжително. Така што тука воопшто не може да станува збор за никаква морална димензија, туку тоа е уставна категорија и тоа мора да се почитува.

Г-динот Спасов ни кажа дека во СДСМ немало никаква манипулација, сакајќи да каже дека во другата партија македонска која што учествуваше во преговорите имало манипулација, дека не биле запознати пратениците и т.н. меѓутоа дека во СДСМ, бидејќи ја видовме невидената монолитност во глупоста, дека немало никаква манипулација што значи дека длабоко размислиле и се одлучиле да

го направат чинот по мое убедување на најголемото предавство во историјата на македонскиот народ. Ако, не се либам да го употребам овој збор воопшто бидејќи навистина се работи за несуштинското прашање околу кое можеме да разговараме како луѓе пред се. Ако тоа го направиле толку осмислено, нека им служи на чест. И навистинаме чудат сега некои обиди во средствата за информирање што гледаме некој недефиниран начин како да се реферира од целата работа во стилот на една навистина неодржливо би рекол разлигавена политика, или политиканство за да може на некој начин да се исперат од она што го направија и на што пристанаа како срамен чин кој го преземаа. Точно е тоа дека во Договорот учествуваа и го потпишаа пет луѓе. Едниот од тие луѓе кој што го потпиша очигледно дека е покајник, дека се покаја за тоа, а покајанието сеуште го сметам за божја работа.

Г-динот Бузле, или Димитар Бузлевски кој што беше навистина инспиративен во својот говор овде не убедуваше дека во интерес на националното единство е да се работи за државен интерес кој нема да го наруши националниот интерес. Јас навистина не можам да разберам. Мислам, такви парадокси, не можам да разберам. Да се застапува бришење на макеоднскиот народ од Уставот и да се тврди дека е тоа национален и државен интерес мислам таква логика навистина не ни е досега позната, а има уште многу работи кои што веројатно ќе ги откриеме како бисери понатаму.

Друго, г-динот Бузлевски ни рече дека ако не се спроведе до крај Рамковниот договор, или ако се усвои предлогот за референдум дека Македонија може да биде соочена со трагични последици. Исто, страшно дискутабилна една теза и ми се чини крајно первертирана теза. Затоа што, јас би го поставил обратно прашањето: што би значело ако не се усвои предлогот за референдум? Тоа би значело одземање на легитимното право на македонскиот граѓанин кој што го ужива и кое што се базира врз основните постулати во Уставот на РМ. Тоа е запишано во членот 2 по основ на Уставот и ние сме должни како пратеници, значи ако имаме малку совест и малку свест, бидејќи ние сме претставници на народот, а суверенитетот произлегува и му припаѓа на граѓанинот, а граѓанинот своето право, ја остварува власта преку своите народни избраници и преку институцијата референдум. Така пишува во вториот член, колку што се сеќавам. Значи, ние сме должни да му го дадеме тоа право на македонскиот граѓанин, должни сме, и тоа е наша морална обврска.

Друго, мислам дека ако се продолжи навистина со вака апсурдни тези кои што се потполно неодрживи, навистина ќе дојдеме до ситуација во оние моменти кога ќе го избришеме македонскиот народ од Уставот, како следна фаза последична, веројатно ќе биде и губењето на името и на битката за името на Република Македонија, затоа што по ниеден основ понатаму веќе не ќе можеме да го задржиме. Веројатно нај прикладното име за сопствената глупост која ќе го предизвика бришењето и на името на РМ и изнаоѓање на ново име за РМ кое што веројатно најприкладно ќе биде Република апсурдистан. Затоа што со толку апсурди логично е да има и таков предлог за име, а веројатно на некои и посебно ќе им се допадне, затоа што од многу блиску асоцираа и со Авганистан и со Пакистан и т.н. Така што веројатно многу луѓе и ќе бидат задоволни со еден таков предлог. Значи, чинот на потпишувањето на Рамковниот договор кој што беше апсолутно нелегитимен од две причини. Прво, беше вонинституционален. Друго, покрај тоа што беше вонинституционален, околу вонинституционалноста веќе зборувавме по опширно и навистина ова е чин кој што е до крај нелогичен, неоправдан, вонуставен и т.н. И во другиот свој принцип, значи покрај тоа што беше вонинституционален, тој чин беше преземан во услови кога беше прегазено, или беше прегазен еден од најуниверзалните принципи, а тоа е дека не може по пат на сила да се остваруваат политички барања. Бидејќи господата кои што влегоа во таквиот чин не го препознаа тој принцип или го погазија тој принцип, влегоа во ваквиот чин.

**СТОЈАН ПОПОВ:** (продолжение)

Според тоа, врз основа само на овие два принципи, значи на вонинстуционалноста и прегазување на принципот дека со присила се остваруваат, или со притисок и претење на воена агресија се постигнуваат политички цели, значи само врз основа на тие два принципи ако човек ги земе паѓа потполно оправданоста на таквиот чин и тоа ни дава за право практично да го поддржиме и

предлогот, првиот предлог за распишување на референдум со таква формулација која што произлезе и ја направи пратеничката група на Нова демократија.

Значи тоа е формулацијата дали сте за промена на Уставот предвиден со Рамковниот договор. Значи само врз основа на тие два принципа.

Не спориме и не сакаме да го негираме во потполност, значи во потполност да ја негираме содржината на целиот Рамковен договор и за потребата на оној дел каде што се предвидуваат промени во Уставот кои што се базирани на проширување на демократските права, на човечките права итн. Значи, практично во оној дел, значи го негираме оној дел со нашиот предлог што го направивме, оној дел на предложени промени во Устав кој што ја допираат само историската и фактографската димензија на Уставот, а не демократската и правната димензија. Затоа Демократска Алтернатива се одлучи за преформулирање на прашањето и навистина во новото прашање кое што практично е инкорпорирано и во прашањето кое што беше формулирано од Нова Демократија, меѓутоа потесно е насочено и не ги допира прашањата или димензијата на демократската и правната алтернатива во Уставот, туку ја допира само историската и фактографската димензија.

Го формулиравме прашањето - како, дали ќе остане одредбата македонскиот народ во преамбулата и во нормативниот дел на Уставот. Убедени сме дека едно вакво преформулирано прашање не може во никој случај да го кочи Рамковниот договор, затоа што не ја допира практично другата димензија, демократската и правната димензија. Ниту го кочи ниту го суспендира. Затоа би кажал дека не држат сите предупредувања, или плашења итн., дека со ова се суспендира Рамковниот или сега таканаречен мировен договор и дека Република Македонија од тоа може да трпи последици. Не, Рамковниот договор може слободно да тече во својата имплементација. Слободно.

Значи нашиот предлог е, може тука да е мисијата на НАТО, да си ја заокружи својата акција, раселените лица да си се враќаат во своите домови, собраниската процедура да продолжи, меѓутоа во овој случај, значи кога би бил прифатен предлогот за вакво референдумско прашање, тогаш значи оние членови кои се однесуваат на преамбулата каде што се спомнува синтагмата или одредницата, или одредбата Македонскиот народ би се замрзнале и практично до исходот на референдумот, а се друго може да продолжи да тече како процедура. Воопшто не држи стравот ниту па претњата на г. Црвенковски, да се прети со идејата практично на г. Џафери дека во тој случај и албанското малцинство и албанската националност ќе распише свој референдум. Тука нема ништо страшно. Ако е тоа во рамките на институциите на системот, во рамките на Уставот, итн., може слободно да распише. И тука нема никаква колизија, тоа е практично совпаѓање со нашиот предлог за референдум. Меѓутоа, ако се мисли да се оди вонинституционално, вонуставно, тогаш веќе имаме за еден чин кој што се оквалификува потполно на некој друг начин. Така да ја незнам со кое право г. Бранко Црвенковски се обидува да не заплашува дека г. Џафери ќе покренал за распишување на референдум. Нека покрене. Уште подобро е да покрене. Затоа што тогаш практично ќе дојдеме до реалната слика на нештата, ќе дојдеме до она што е волјата на мнозинството. А волјата на мнозинството практично е основа или зачеток на демократијата. Самиот поим на демократијата практично е произлезен или произведен од идејата на заплебисти. Од плебиститот практично и се раѓа идејата понатаму за демократија, а тоа е почитување на волјата на мнозинството. Така да нема тука никаква, никаква опасност да такво предупредување или такво претење биде земено во обзир.

Друга работа е што навистина луѓето кои што учествуваа во овој срамен чин, навистина немала ниту кредибилитет, ниту способност, би рекол ниту политичка зрелост да се носат со проблемот. И тука сум апсолутно бар по некое мое согледување категоричен дека тоа е навистина проблем, проблем би рекол на една незрелост, на една инфантилност во дијалогот кој што подоцна тие го претворија во преговарачки процес. На луѓето кои што преговараа застапувајќи ја условно речено македонската страна. Јас лично навистина тој дијалог гледајќи како интериорно се

одвива, во штета на македонските интереси го доживував како дијалог не на Бранко Црвенковски, или на Љубчо Георгиевски, Џафери, Имери итн., туку го доживував како дијалог на Том и Џери и Џафери и Имери. Да, да, затоа што беше

покажано тотално немање на чувство за нешто што претставува круцијален национален интерес.

Господинот Бранко Црвенковски овде ми се чини дека во еден од своите говори ни се пофали и ни рече дека немаме ние сознание како точно течел дијалогот и дека нивните образложенија или аргументи кои што македонската страна, или поточно веројатно Црвенковски ги давал биле многу издржани. Се пофали, дури ми се чини дека биле и многу поелоквентни од сите излагања кои што беа овде направени во одбрана на тезата за задржување на македонскиот народ во Уставот.

Проблемот очигледно не е во елоквентноста. Проблемот очигледно е во нешто сосема друго. Проблемот е во цврстината на карактерот, во менталниот склоп и во психолошката подготвеност да се предаде тоа што не може да се даде. Значи да се даде нешто што навистина не може да се даде. Тука е проблемот, не е проблемот во елоквентноста. Проблемот е што се пристанува на еден практично на еден непристоен предлог. Значи буквално да се симнат панталоните на непристојна висина. (Аплауз од некои пратеници).

Што е она што не достасувало. Недостасувало точно храброст и цврстина. Можеби најконстениран останав или вчудоневиден во една неформална заедничка средба со г. Бранко во фоајето на Собранието, каде што не бев сам, бевме присутни 5-6 луѓе, каде што г. Бранко за да уште еднаш ја потенцира својата голема заложба, борбеност, елоквентност во тие преговори, срамни преговори рече дека другата страна, поточно г. Џафери дошол со аргументација. Дека донел еден куп аргументација и како клучна аргументација ги посочи Крушевскиот манифест и Манифестот на АСНОМ. До тој момент можеби и бев склон да верувам дека се водела некоја конструктивна расправа, издржана, аргументирана расправа, меѓутоа кога некој ќе ми посочи дека аргументација за ваков чин да се избрише македонскиот народ од Уставот на Република Македонија нашол поткрепа во Крушевскиот манифест и во Манифестот на АСНОМ тоа е тотален апсурд. Тоа значи дека господата кој што преговарал или поточно г. Бранко Црвенковски немал контенплативна моќ на расудување. Немал мисловна моќ. Бил на ниво на средношколско читање на текстот, затоа што секој основношколец ако го прочита манифестот и на АСНОМ и Крушевскиот манифест ќе види дека нема никаква основа за таква работа. Обратно, може да најде нешто сосема спротивно. Јас затоа сакам да го прочитам првиот пасус од Манифестот на АСНОМ, каде што се вели:

"Македонски народе...", и тоа "Македонски народе" се повторува после десетина пати, во секој пасус, и вели: "...овие историчарски печалби кои ти ги оповестува твоето прво Народно Собрание не се ни случајни, ни аризани. Тие се плод од реки пролеана крв и од купишта коски посеани од едниот до другиот крај на Македонија. Во петвековното ропство разни поробувачи ја грабеа твојата земја и го поробуваја твојот народ. Единото средство кое не можеше да ти биде ограбено беше борбата. Таја остана најсилното оражје во твоите раце и ти помогна да не бидеш збрисан како народ",

Токму во овој срамен чин, во ова што се предлага, во тој амандман IV се прави точно тоа. Се брише македонскиот народ. Се губи во потполност идентитетот на македонскиот народ. И да се нема елементарно чувство, елементарно чувство и да се тврди дека спротивната страна во овој случај дошла со аргументација каде што тој видел аргументација за ваков чин несватливо е.

Навистина не знам што да кажам понатаму. Ова ќе биде плод на анализи, на историчари, на психолози...

(Сејфедин Харуни дофрлува од место - на психијатри).

Колегата дофрла на психијатри, но не би сакал да одам до таму, меѓутоа на филозофи, на интелектуалци од секаков профил, меѓутоа вакво нешто и вакво чудо невидено, чудо невидено мислам дека е вистина преседан во човечката историја.

Што се однесува до тезите дека ако ова не се прифати се поставувало прашањето на војна или мир ќе се вратам на она што го споменав пред малку, на апсолутно спротивната теза. Оние кои ова го потпишаа, значи се согласија практично да се брише македонскиот народ од Уставот на Република Македонија, тврдам дека тие се за војна затоа што го дадоа она што не може да се даде. Се дадоа себе си. Го дадоа идентитетот на својот народ. Достоинството го дадоа. Поносот го дадоа. Истргуваа со душата на својот народ.

Јас би поставил друго прашање - кој народ би можел да поднесе таква работа и кој народ не би војувал со тоа. Дали тоа би го направиле американците, дали тоа би го направиле Русите, дали би го направиле Германците, дали би го направиле Французите, било кој народ, дали албанците тоа би го направиле.

**СТОЛЕ ПОПОВ:** (Продолжение)

Значи, обратно е прашањето. Обратно е. Тој што е подготвен да даде таква работа, практично тој има намера и со сигурноста сака да провоцира војна. Обратна, комплетно е обратна, спротивна е тезата. Меѓутоа толку се големи апсурдите што човек навистина е констерниран, збунет, веќе не знае како да разудува. И, навистина жалосно е, жалосно е, дали приправници, дали електроинженери или приправници премиери, бидејќи господинот беше и премиер, да не може да согледа и да осознае така суштествени прашања и да нема свест за такви суштествени прашања.

Затоа, јас би сакал, би сакал навистина да пледирам и да апелирам до сите пратеници овде во овој Парламент, а посебно до оние кои ја застапуваат тезата дека нема ништо страшно во бришење на Македонскиот народ од Уставот на Република Македонија, да се повлечат од тој предлог. Да ја увидат својата грешка и да се повлечат. Затоа што, навистина, дојде време и во Македонскиот парламент и во македонската јавност практично да се случи и да биде неизбежна една морална катарза. Нема исход без морална катарза во овој случај. Длабоко ја забраздивме работата. Премногу длабоко. Мислам дека нема ништо страшно во ваков предлог. Убеден сум дека и господата албанци треба да го поддржат ваквиот предлог. Да го поддржат. Затоа што, верувајте, многу е пострашно во една земја што се обезличува, што се гледа да се разнебити на секој план, многу е пострашно незадоволството на мнозинството од незадоволството на малцинството. Затоа што факт е, сепак, во Република Македонија една четвртина се граѓани од албанската националност. (Дофрлање од место).

Ќе видиме. На пописот ќе видиме колку е. Но, отприлика толку е. Нека се и една третина.

Затоа што чувме овде и од албанските пратеници тотални апсурди како се толкува, на пример како се толкуваат демократски принципи. Не знам кој беше, дали г. Вејсели или Мерсел Биљали, изнесе една теза како, ако на референдум се јават на пример 4.8% кои поддржуваат а 51% не поддржуваат или обратно, како на тој начин ќе се изведе од тоа демократски принцип. Па луѓе, ако не постојат тие демократски принципи во овој момент САД немаша да имаат претседател. Американскиот претседател беше избран со разлика од неколку стотина гласа. Принципот е принцип. И се до моментот додека не го сфатиме ќе имаме проблеми од овој тип.

Би сакал уште нешто да кажам. После, сега, после монструозниот злочин во САД, официјалната политика на САД и на Европската унија се повеќе увидува дека зад тероризмот не можат да се употребуваат два стандарди, не може да имаме два аршина. Меѓутоа, и во овие услови, што е жалосно, дел од македонските политичари на сакаат да го акцептираат тоа сознание што се базира на круцијални принципи. Повторно се расположени и понатаму да голтаат се. Минатиот пат кога зборував, реков дека тоа личи на кленови што голтаат, меѓутоа понатаму со инсистирање на ваков став стануваат не кленови, него вардарски сомови.

И навистина, би сакал, бидејќи го ставивме предлогот втор, би ги повикал и господата од Нова демократија да го усогласиме, да биде заеднички предлог, да го преформулираме и тоа прашање да се однесува само на прашањето околу бришењето, поточно небришењето, останувањето на одредбата за Македонскиот народ во преамбулата на Уставот и во неговиот нормативен дел. Тука нема ништо спорно. Ништо спорно. Јас не знам колку пати траба да повторуваме дека покажавме максимална подготвеност да разговараме за сите прашања што вклучуваат демократска и правна димензија. И на тоа ќе опстоиме.

Меѓутоа, не може да се бара нешто што не може да се даде. Тоа води господо пратеници во војна. Тоа води во војна. Ако не можел делот од македонската страна тоа да го согледа, тоа е страм за дел од македонските пратеници кои сакаат да не убедат во спротивното, дека може и тоа да се даде. Не може тоа да се даде.

Господо пратеници од ПДП и ДПА, постојано не уверувате, сум вадел забелешки, тоа се ваши цитати, а не е ништо измислено, дека "нема мир ако не се почитува и спроведе Рамковниот договор во целост". Вистина ли го сфаќате Рамковниот договор како ултиматум? Вистина е неразумно. (Дофрлање од место).

А, точно е, што да правите? И тоа сакам да се навратам, затоа што на неколку

наврати слушнав искажувања што, едното ми се чини беше од господинот Халили на телевизија кој кажа - знаете што за нас не е неприфатливо ова. Меѓутоа не можат да се изначудат на глупоста на македонските преговарачи. Не можат да се изначудат и точно е тоа така. Се сложувам со тоа потполно. (Дофрлање од место).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако вака продолжите нема реплика. (Дофрлање од место).

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Се вртам на кај вас затоа што ова беше апел, апел, повик да сите пратеници го поддржат ваквиот предлог. Затоа се свртив кон вас. Не знам господинот Бузлевски, добро веќе не ви се обраќам вам, господинот Бузлевски сакајќи да потенцира или да не импресионира, или да не застраши, не знам што беше поентата во говорот, повикувајќи се на афторитетот на г. Пердју, на г. Леотар итн, па ни изнакажа многу работи, би сакал еден цитат од г. Пердју да изнесам, кој меѓу другото рече дека поврзаност, практично помеѓу Бин Ладен и ОНА е чиста шпекулација и дека тој не гледа никаква аргументација за таква работа.

Би сакал само да потсетам на едно, аргументацијата се вади не од македонска страна, туку се повеќе се вади во американската јавност. Американските медиуми пишуваат за таквата поврзаност и ја докажуваат. Од "Вашингтон пост" до "Њујорк тајмс" и други, мене воопшто не ме чуди ставот на г. Пердју. Затоа што јас и не очекувам ништо друго од, би рекол американската политичка бирократија. Тоа е нормално дека во овој момент, бидејќи се соочуваат со така сериозен внатрешен свој проблем, дека мораат одредени вистини, практично, и валкани алишта, во овој момент, колку што можат да ги скријат од сопствената јавност. Меѓутоа, олицетворение на големината на американската демократија никој пат не била политичката демократија, туку големината и автентичноста на американската бирократија секогаш произлегувала од американската јавност. Од американскиот народ. Од американската интелектуална сила и таа била, веројатно, најголемата инспирација за севкупните промени, демократски промени во светот. И, сеуште останува како таква. И, длабоко ја почитуваме и знаеме и сигурни сме дека во американската јавност вистината ќе биде до крај изведена на виделина. И, работите ќе станат многу јасни и многу видливи. Треба малку време. Ќе го почекаме тоа време и ќе бидеме сведоци на тоа. Ова, не се измислени работи, меѓу другото.

Зато би сакал уште еднаш да ги повикам колегите предлагачи од Нова демократија да ни се придружат во иницијативата, во обединување на овој предлог и во преформулирање на прашањата. Ако се согласиме со тоа би можеле оваа дискусија и да ја затвориме и да поминеме на втората точка каде што ќе биде ставен на разгледување предлогот, новиот предлог, практично кој што ние го сочинивме како Демократска алтернатива. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. (Повеќе пратеници бараат збор за реплика, процедурално и деловнички).

Ајде сега една работа, ве молам, ве молам, процедурално во што?

Има за реплика.

Кој се јави за процедурата?

Ве молам, кој бараше збор процедурално?

(Повеќемина пратеници се јавуваат и говорат истовремено барајќи да добијат збор кој за реплика, кој процедурално, кој деловнички).

Ве молам. Прво деловничката интервенција па потоа Сејфедин Харуни се јави за деловничка интервенција.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Господине потпретседателе, само два збора би рекол, би ве замолил после овој говор да ја прекинете седница, целата македонска јавност да размисли за сето ова овде што се случува. Затоа, дајте малку пауза да продолжиме во друго време.

(Повеќемина пратеници истовремено бараат збор).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Пауза од половина час, па потоа ќе продолжиме.

(Пратениците отидоа на пауза во 17,17часот).

(По паузата). Седницата продолжи со работа во 18,15 часот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Господин Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, иако ова продолжение почна без кворум, но и јас сум согласен со овие другите колеги кои што сме овде да продолжиме вака како што почнавме.

Што се однесува до режијата која добро ни ја режираше претходниот дискутант се покажа и со паузата кога побара пратеникот и таа режија беше многу очигледна и видлива, па затоа му препорачувам на режисерот уште еднаш со вакви режии да не се занимава.

Што се однесува до претходниот дискутант, очигледно, дали тој не знае или нее е свесен во која држава живее и со какви не тези излегува на говорница и со неговата позната ораторика, каде на сите нас што сме во Собранието и надвор од Собранието ни е познато и неговите дискусии се познати, таа дискусија сигурно му е составена од Српската академија на науките, бидејќи господинот е во години и тешко е да се одвикне од таа Академија. Господинот го спомнуваше лидерот на Демократската партија на албанците, господинот Арбен Џафери и другите лидери кои ги нарече Том и Џери. Тоа е негова култура а јас како пратеник со такви зборови не можам да се согласам, да се повикаат лидери на партии со такви имиња.

Демократската алтернатива и Нова демократија, колку што знам на изборите имаа голем број гласачко тело и од албанците кои живеат во Република Македонија, па затоа тие нека оценат на која партија го дале гласот, за во иднина да не згрешат. Се покажуваат колку се големи демократи на зборови, а на дела се покажуваат сосема други дека не се тие истите како што се покажуваат.

Му препорачувам, кога се однесува за војна и до војна, му препорачувам на господинот дискутант дека ние албанските пратеници се покажавме дека не сме за војна и не ја сакаме војната, а вие, господо, ја имавте војната и требаше да се покажете колку сте јунаци на македонскиот народ и да бидете во редовите на тие што ја бранеа војната. Сигурен сум, ако повторно ескалира војната вие први ќе бегате од оваа држава со вашите семејства, а пак ќе ги оставите недолжните граѓанства да војуваат. Но, пак кажувам дека ние не сме за војна.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Прво, околу забелешката за режија, навистина, не можам да го разберам колегата пратеник на кој начин мисли дека јас сум изрежирал пауза. Прво, мене не ми одговараше пауза и јас сакав да оди во континуитет расправата и токму сум многу заинтересиран за полемички тон во целата оваа дискусија и баш ми е драго ако се јавуваат што повеќе.

Постави прашање, веројатно за мене господинот пратеник дали јас знам каде живеам, не сум знаел јас каде живеам. Јас знам многу добро каде живеам, јас живеам во Република Македонија. А, би ги прашал нив дали тие знаат каде живеат, со оглед на тоа дека досега во овие 10 години еднаш на ниеден нивни собир не видов македонско знаме. Гледав само албански знамиња и веројатно мислат дека живеат во Република Албанија. Тоа е одговор на неговото прашање.

Што се однесува до ова Том и Џери, јас нагласив дека ги доживеав субјективно, заради несериозноста, некомпетентноста, инфантилноста, неспособноста, незрелоста господата кои влегоа во тие срамни преговори како Том и Џери и зад тоа стојам. Тоа е субјективен чин, меѓутоа, исто така реков дека едниот од петте луѓе имаше доблест да признае и да се покае. Тоа го оценувам како навистина длабок човечки чин.

Второ, околу војната. Дека албанците или поточно ДПА не биле за војна, ние сме за војна, прво, да го потсетам господинот пратеник дека нивни пратеник отиде и сеуште е во редовите на терористичка ОНА.

Потоа, навистина некој да ни се заканува и да не подучува дека ние ќе сме биле тие први што ќе бегаме, тогаш навистина заслужувате човек да се сврти према вас овде, ако мислите дека некој ќе бега. Што, ми се заканувате дека ќе бегаме? Од каде да бегаме? Јас прашувам од каде да бегаме, од каде мислите да бегаме и каде да бегаме. Добро, вие рековте, вие ќе бидете први кои ќе бегате. Ќе видиме дали ќе бегаме и кој ќе бега, ако мислите така. Не, јас ви кажувам така наједноставно, ако мислите да се заканувате дека некој ќе бега од својата татковина, длабоко сте се излажале. А, јас повторно ќе го повторам мојот став каде што реков дека сметам оние кои што инсистираа на промена на Уставот, поготово на преамбулата, каде што се сака да се избрише идентитетот на македонскиот народ, името на македонскиот народ, дека се тие за војна. Тие се за војна и тоа категорички го тврдам. Немојте да очекувате дека 3/4 од граѓаните ќе се повлечат и ќе го земат срамот врз себе да се откажат од сопственото име. Тоа е чиста провокација за војна. И, тој што прифаќа таква теза и се согласува со тоа, тој поддржува идеја за војна. Ние поддржуваме идеја за мир и 100 пати го повторивме овдека нашиот став, ако навистина сте

борци, како што се прикажувате за демократски права, за човечки права, спремни сме да разговараме и да прифатиме максимални форми кои што се, дури и вон европските стандарди, а веќе мислам дека сме вон европските стандарди. Меѓутоа спремни сме, затоа што мислам дека тука нема граница и тука не треба да има ограничување во човечките слободи. Но, не можете да барате што не може да се даде. Го гледам господинот Бузлевски се јавува, па се спрема, веројатно, му пратиле факс, колку што гледам со говор, па го проучува и го учи напамет. Бузлевски, излези, веројатно го прочита и повели.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, јас навистина го ценам интелектуалниот капацитет на претходниот говорник и навистина како таков го знаев и сеуште мислам дека во тие рамки останува моето размислување за неговите потенцијали интелектуални. Но, она што навистина чисто како теза објаснување, со штоп неможам да се сложам, а упорно бараше од нас како албанци, дури колективно да му одговориме, дали е за војна или дали не е за војна и од каде го црпиме убедувањето дека таквата теза е токму теза за војна. Идејата на демократија како диктат на мнозинството над малцинството, посебно по национална основа е веќе видено сценарио. Бившата Југославија на Милошевиќ пропадна токму од таа идеја. Токму од таа идеја еден човек, еден глас, и наметнување на правото по колективното убедување на едно мнозинство. Ако таква демократија и таква Македонија сакаме да градиме, примероците веќе ги имаме.

Другата идеја за референдум, господине, исто со референдумот исто сценарио видовме токму во таа Југославија, кога господинот Милошевиќ распиша референдум дали ќе прифати посредништво на Гонзалес и на тој референдум доби и сите знаеме што се се случи после тоа, за да доминира такво убедување за идејата за демократија. Вие, господине, промовиравте институции и рековте дека ги чувате институциите. Исто така и јас сум за тоа. Но, дали постои институција претседател на државата, дали постои институција на ниво на Парламентот кога се договараме за нешто, претседател на партија кој одговара за неговите пратеници. Како инаку институциите во светот комуницираат. Дали сте виделе македонскиот народ како колективитет да комуницира со 15-те народи на Европската Унија. Тие комуницираат со институцијата претседател на држава, со институцијата претседател на Влада, министри, а токму тие институции дадоа потпис. Токму тие институции дадоа потпис и до нивниот потпис исто така стои институција претставник на Европска Унија, претставник на САД и дури директно е инволвирана една веле сила како што е НАТО. Со нашето неприфаќање на таквите правила на игра, дали докажуваме дека не сме сериозни во Република Македонија и дека таа нема институции со кои ќе може да се разговара. И, што покажуваме ако не успееме да ги изградиме или да ги сочуваме институциите, претседател на држава и тн.

На крајот, цело време овде се водеа овие преговори и договори, огромни материјални средства се поделија како советници, разни советници по меѓународно право, по социолошки науки, по уставно право беа до претседателот и до лидерите кои ги консултираа цело време какви ставови да заземат. И, ако ги консултираа сите тие и ги ставија потписите, денеска ние сеуште се прашуваме што треба да правиме. Голема мудрост, дури и духовна било некој да се покае. Политиката е преголема и пресериозна работа, каде што се игра со животите на луѓето, каде што се игра за опстанокот на една нација и една држава да имаме игри од типот "шалио сам се" или "извини, но јас се предомислив". Каење знам, иако не ги знам добро правилата на христијанството, има во црквата или во калуѓерството за некоја прељуба, но да се каеш за државни работи, каде што се во прашање човечките животи и да кажеме, да, тоа е голема мудрост, мислам дека прениско и пренесериозно ги сфаќаме работите.

Ние влеговме во аранжман со клучни институции. Зарем ваквото наше однесување, ќе ни создава имиџ на сериозна држава, на сериозни луѓе во ова опкружување. Во крајна линија, вие први рековте не прифаќаме односно промена на Уставот под притисок. Под какви услови ние како албанци денеска расправаме. Расправаме перманентно под еден притисок за овој референдум. Ние сме свесни што е играта. Цело време ни стои тоа на глава. Но, ние имаме друга институција референдум. Вршејќи притисок на нас како албанци да прифатиме некои попусти. Цело време играме со тоа ќе има или ќе нема амнестија. Цело време играме со некои пукања по албанските населби. Што е целта? Вршење на притисок. Ние сме свесни за тоа дека

целата оваа игра вршење на притисок на албанските пратеници да попуштат пред овој притисок, но ние сме свесни што значи одговорност. Нема криење од вистината. Не е визионер и државник човек кој што во тешките и клучните моменти ќе се скрие зад колективитетот на народот. Ниедна голема личност не создал историја вака како што вие мислите. Замислете го вие Де Гол кога се реши да одите во Германија после Втората светска војна да го праша францускиот народ дали треба да отиде таму или не, дали ќе му дозволеа. Или другите големи лидери.

**ТОМИСЛАВ СТОАЈНОВСКИ:**

Готово, ви дадов плус една минута. Столе Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Прво, сакам да кажам околу тезата за диктат и мајоризација. Знаете што, вие добро знаете дека Демократска алтернатива беше првата која обрна внимание дека кога се работи за човечки права, кога се работи за проширување на севкупни демократски права, постои опасност, точно е тоа, од мајоризација и ние бевме првите кои што спомнавме дека единствениот метод, начин за да се одбегне, тоа е по одредени прашања за проширување на човечките права, каде што спаѓа образованието, јазикот, симболи, културен идентитет и.тн. дека по тие прашања сме спремни и предложивме воведување на консензуален тип, ограничен по тие прашања. Тој тип бил присутен и во западните демократии и со надминување на проблемот, исчезнувал и е тргнат. Ние, тоа го предложивме, наидовме на стравичен удар токму од СДСМ, бевме подметнати на исмејување, за да после тоа таа консензуална демократиај се спроведе на најригиден, ригорозен начин да се прошири на сите аспекти, да се прошири до аспект кој што задира веќе и во унитарниот карактер на државата. Значи, тоа е една работа.

Околу равноправноста, јас ви реков за равноправност имате, а тоа е многу добро формулирано во самиот Устав, а и господата што донесувале аргументација, повикувајќи се и на Крушевскиот Манифест и таму точно е тоа дека се спомнува рамноправност, која што идентично е пренесена и во Уставот од 1991 година како доследност на македонската политика, на македонскиот дух за солидарност и равноправност. Меѓутоа, равноправност не може да се изедначи со идејата и со фактот за конститутивен народ. Не може тоа да се изедначи. Вашата теза која што вие сакавте да ја пласирате, која што е исто еден од апсурдите, затоа што цело време тврдите дека идејата за национална држава била немодерна, била демоде, била депласирана итн., а после тоа истиот соговорник, ми се чини дека беше Биљали, тој вели, да, меѓутоа ние можеме да прифатиме двонационална држава. Значи, демоде, надминат концепт бил национална држава, а двонационална не бил надминат концепт. Знаете што, еве не сме ние баш толку модерни, кога ќе стане цела Европа модерна да го промени во тој принцип, сите своите устави да ги променат, тогаш и македонскито Устав веројатно ќе сфати дека по некои ваши мерила демоде, депласиран, пак ќе размислува на таков резон. Меѓутоа, таков двоен морал, таква хипокризија и демагогија, каде што во еден ист говор се тврди дека ова е демоде концепт и веднаш после тоа, око да не му трепне, после пет секудни вели, да, дајте ние да бидеме бинационална држава. Значи, тоа не смета, така?

Вие, господа, ако сакате навистина да останете во доменот на демократските права, треба и тука да се држите. Затоа што, ако не се држите и ако навистина мислите дека со војна може нешто да се постигне, ќе ги потврдите другите тези.

**СТОЈАН ПОПОВ:** (Продолжение)

Дека во идејата која што ја заговарате не е идеја за човечки права и демократски права, туку е некоја друга идеја во која што може да лежат исламски фундаменталистички корени итн.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ајде не претерувај, зошто претерувате.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Не претерувам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ниедна џамија не сте оставиле вие.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Ако останете во доменот на демократските права јас реков. Вие не останувате во тој домен. Вие зборувате за територијални претензии, за промени.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не е така, извини.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Да довршам, ќе имаш прилика Харуни за реплика.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не ми давате ни прилика ни реплика.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Чекај да се искажам, и јас имам право на одговор. Околу Милошевиќ...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако вака продолжите, ќе ја прекинам седницата.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Сослушајте ме, ќе ве молам. Аналогијата со режимот на Милошевиќ е апсурдна.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Нека има тука рационална расправа, кие ќе го слушаме.

Наши човечки права - според кого?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Харуни, престанете, го нарушувате редот.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Имам ли јас право да завршам со својата дискусија или немам право.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

И јас имав вчера дискусија, не ми дадовте да завршам.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Па ќе добиете право на реплика.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Вие не дадовте вчера да завршам со дискусијата и сите во Собранието тропавте.

Мене сакаш да ме споредуваш со некој фундаментализам, а вашиот расизам?

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Не, јас не зборувам тоа, јас зборувам дека вие сакате да си налепите таква работа.

Може ли да продолжам.

Околу аналогијата, тоа е бесрамна конструкција, аналогија правење околу демократскиот македонски систем со системот на Милошевиќ, тоа е таква долна манипулација.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Иста школа имате, извини Столе.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Вие сте сведоци дека од цела Европа Македонија беше оценета како пример за демократска држава, Македонската држава беше како пример за добри мултиетнички односи, беше пример. Преку ноќ, господа не може да се промени тоа.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не може по твојот рецепт.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Затоа и седите во Парламентот дека Македонија е демократска држава, а кај Милошевиќ немаше ни Парламент, немаше ништо. Тоа беше од цел свет осуден тоталитаристички режим. И да правите споредба мегу режимот на Милошевиќ и македонската демократија тоа е повеќе од срамно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам да има ред, да се запази редот.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Процедурално барам збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сејфедине, ако правите вака,да знаете дека ќе ве отстранам од салата. Ова не може да оди до бескрајност.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ние ништо не правиме, туку вие водете ја седницата онака како што треба. Вчера не ми дозволивте јас да ја завршам својата дискусија.

Сега да се произнесам процедурално. Ова Собрание во март месец расправаше околу политичко-безбедносната состојба на РМ и донесе заклучоци такви какви што донесе, на сите вас ви се јасни.

На цел глас тоа го кажувате не само овде во Собранието, не само во медиумите, туку секаде, дека УЧК е терористичка организација. Срамота.

(Прашање од повеќе пратеници: "Каква е".)

Собранието таков заклучок нема донесено. Таа се исправи пред историјата и да и се даде стоп на државниот тероризам, а за тоа...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова не е процедрурално.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Сега ќе кажам и за тоа. Прво и прво, нема кворум за седница. Прво и прво не си достоен и не даваш воопшто дискусијата да има рационален контекс. Ајде види колку има во Собранието. Не сме дојдени тука за да бидеме малтретирани.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, не можеме да работиме вака со овој човек.

Ќе продолжиме со работа утре во 13,30 часот.

(Седницата прекина во 18,45 часот).